**20203064191**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 26/20, 89/20, 112/20, 153/20, 264/20, 275/20 и 292/20) во делот I износот „1.813.706.200“ се заменува со износот „1.863.706.200“, а износот „1.492.128.000“ се заменува со износот „1.542.128.000“.

II

Во делот II во ставот (1) износот „1.704.229.000“ се заменува со износот „1.754.229.000“.

Во табелата во мерката 322 „Обнова и развој на селата“ износот „119.000.000“ се заменува со износот „144.000.000“.

Во мерката 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја“ износот „98.000.000“ се заменува со износот „123.000.000“.

Во „Вкупно за мерки за финансиска поддршка на руралниот развој“ износот „1.704.229.000“ се заменува со износот „1.754.229.000“.

III

Во делот VIII во ставот (6) износот „1.000.000“ се заменува со износот „5.000.000“.

IV

Во делот XVI во ставот (5) износот „119.000.000“ се заменува со износот „144.000.000“.

V

Во делот XVII износот „98.000.000“ се заменува со износот „123.000.000“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12410/1
22 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.